РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

09-4480/1
05-11-2021

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54 - та седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-1370/1 од 12.03.2019 година, оформен по доставена пријава за службеното лице -------, ректор на Универзитетот -------- Скопје **СЕ ЗАПИРА.**

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди дека не се констатирани повреди на Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во анонимизирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 12.03.2019 година, поднесена е пријава против службеното лице ---------, ректор на Универзитетот ------ Скопје со наводи дека вршел две функции паралелно во истата институција и тоа: ректор и претседател на Сенатот на универзитетот. Исто така, во пријавата е наведено дека од негова страна е извршено влијание за вработување на негови блиски роднини и роднини на неговата сопруга, „фамилијаризам" на семејството ----------- на градежниот факултет и архитектура, доделување на тендер во вредност од околу 1 милион евра на млад архитект со регистрирана фирма само неколку месеци пред објава на тендерот, кој е син на лицето кое ја изгради зградата на тетовскиот универзитет, по што оформен е предмет со бр. 09-1370/1 од 12.03.2019 година.

ДКСК изврши проверка на наводите од пријавата и ја утврди следната фактичка состојба:

Лицето ---------- е избран за ректор на Универзитетот ------------ Скопје од страна на Сенатот на истиот универзитет од 24.04.2018 година согласно стариот Закон за високото образование. Новиот Закон за високото образование е донесен на 02.05.2018 година, по што сите високообразовни установи биле задолжени во рок од 3 месеци да ги усогласат статутите

и другите општи акти донесени пред стапување во сила на овој закон, а по истекот на овој рок тие престануваат да важат.

Во однос на наводите поврзани со семејството ----------- ДКСК веќе има постапено по предмет со иста/слична фактографија на наводи и по однос на истите има донесено одлука на 30 - та седница на ДКСК.

Во однос на наводите за доделен тендер на млад архитект, исто така е постапувано по друг предмет во Одделението за спречување на корупцијата за што е донесена и објавена одлука.

Во однос на вработување на блиски лица на ректорот на истиот универзитет наводите се однесуваат за вработувања во 2017, 2018 година поради што ДКСК нема законски механизми за преземање соодветни мерки.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: К.Н., член на ДКСК